ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр.08-122/1
09.01.2020 година
Велес

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Општина Велес ги известува граѓаните дека поради најавен мирен протест, со блокирање на улицата „Алексо Демниевски Бауман" од страна на група физички и правни лица, почнувајќи од 10.01.2020 година, оваа улица ќе биде затворена за сообраќај во периодот од 12:30 до 13:30 часот во непосредна близина на аптеката „Еурофарм" спроти паркот Каршијака (малиот парк), односно наспроти зградата на „Македонска пошта" (освен за возилата на Итната медицинска помош и противпожарната единица.

Со цел да се обезбеди непречено одвивање на сообраќајот за време на протестот, истиот ќе биде пренасочен кон улицата „Пенчо Давчев" и Башино село.

Пренасочувањето на сообраќајот ќе го координираат службите на СВР Велес.

Воедно, Општина Велес ја известува јавноста дека протестот со блокирање на улицата „Алексо Демниевски Бауман" е организиран со цел да се измени новото сообраќајно решение на потегот од крстосницата на улиците „Алексо Демниевски – Бауман", „Благој Ѓорев" и „8 Септември" до Ликовниот салон, односно да се врати претходната состојба.

Општина Велес веќе и писмено со аргументи им одговори на организаторите на протестот дека враќањето на режимот на сообраќај во претходна состојба на оваа крстосница е невозможно поради законската регулатива која најстрого забранува паркирање на магистрална и собирна улица. Законот забранува паркирање во крстосница и пред крстосница.

Исто како Општина Велес, сите граѓани и учесници во сообраќајот се должни да го почитуваат законот и да не ги паркираат своите возила на недозволени места.

Општина Велес ја известува јавноста дека паралелно со развојот на нови паркиралишта, во соработка со СВР Велес ќе продолжи со примена на мерки за спречување на недозволено паркирање на целото подрачје на општината.

Апелираме до граѓаните, во интерес на примената на законот и утврдените нормативи да придонесат за непречено одвивање на сообраќајот.

Воедно апелираме, граѓаните кои немаат итна потреба во периодот на одржување на протестот да не се насочуваат кон улицата „Алексо Демниевски - Бауман".

Изработил: СП/ЈС

Одобрил:
Раководител на Сектор
Анита Пивкова

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*